Република Северна Македонија
Министерство за социјална политика, демографија и млади
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve
-ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА – ШТИП

**Архивски број:** 04-980/2

**Датум:** 22.07.2025

ЈУ "Меѓуопштински центар за социјална работа"- Штип, постапувајќи согласно член 212 од Законот за социјалната заштита (Службен весник на РСМ број 104/19...65/23), член 6 и 21 ст. 2 од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл. В. на РСМ бр. 27/14, бр. 199/14, бр. 27/16, бр. 35/18, бр. 198/18, бр. 143/19, бр. 14/20) и член 22 и 23 од Законот за работните односи (Сл. В. на РСМ бр. 65/2005...134/2016) објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2025**
**за вработување на неопределено време на 1 (еден) извршител**

Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа Штип објавува јавен оглас за вработување на неопределено време за 1 (еден) извршител на работно место **Возач II**, Помошно - техничко лице (за превоз на лица и опрема) од второ ниво со шифра на работно место СОЗ0403А02001 во Одделот за административни и помошно-технички работи, Дел за помошно-технички работи.

Кандидатот треба да ги исполнува следните општи услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Покрај општите услови кандидатот треба да ги исполнува следните посебни услови:

- најмалку тригодишно средно образование (Вишо/Средно гимназиско образование Средно стручно образование - технички или текстилен смер) и
- возачка дозвола од „Б" категорија.

Нето плата од 24.379,00 денари. Работното време е од 7:00 до 15:00 часот (понеделник - петок), 40 часа во текот на една седмица.

Кандидатите треба да доставаат:

- Пријава која треба да содржи: податоци за кандитатот (име и презиме, матичен број на граѓанинот, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, електронска адреса на кандидатот, контакт телефон), како и кратко мотивациско писмо; кратка биографија; изјава за исполнување на општите услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно; изјава за исполнување на посебните услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;
- уверение за државјанство не постаро од шест месеци;
- потврда од матичен лекар за општа здравствена способност за работното место;
- доказ дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност не постаро од шест месеци;
- доказ за завршено образование;
- документ за положена возачка дозвола од „Б" категорија.

Рокот за доставување на пријавите со пропратна документација како доказ за исполнети услови за вработување (во оригинал или заверен препис на нотар) **изнесува 3 (три) работни дена**, сметано од денот на објавувањето на огласот. Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Заинтересираните кандидати, пријавата со попратната документација треба да ја доставаат во хартиена форма во архивата на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Штип или по пошта на адреса: Јавна установа Мешуопштински центар за социјална работа Штип на ул. „Партизанска„ бр. 31А, Штип. Кандидатите се должни на ковертот да наведат „Не отворај, за јавен оглас бр.01/2025".

Ненавремена, нецелосна и некомплетна доставена пријава и документација нема да биде разгледана.

В.Д. Директор на ЈУ МЦСР Штип

Билјана Постолова